**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "ВАНЧО НИКОЛЕСКИ"**
**ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

**за учебната 2019/20 година**



**Јули, 2020 година**
**Лескоец**

**Д и р е к т о р**
**Елена Ел Нади**

# ВОВЕД

ООУ „Ванчо Николески” - Лескоец, Охрид, учебната 2019/20 година ја започна навреме, на 02.09.2019 година, со сите потребни материјално - технички и програмски подготовки. Наставата се одвиваше според предвидениот план и програма, без никакви проблеми во реализацијата на истата сѐ до 09.03.2020 година, до кога беа остварени 119 наставни денови. Поради новонастанатата ситуација со пандемијата од Ковид 19 и прогласена вонредна состојба во државата од 10.03 до 10.06 наставата се реализираше во вонредни услови во облик на далечинско учење, кога се реализираа 61 наставен ден. Со тоа, наставната година 2019/20 заврши на 10.06. и беа остварени вкупно 180 наставни дена како што беше предвидено со календарот на работа, во кои целосно се реализираа наставните планови и програми по сите наставни предмети.

При далечинското учење наставниците им даваа повратна информација на учениците, која беше усна во онлајн наставата или писмена во месинџер, вибер и ФБ групите, а за сето тоа водеа интерна евиденција, секој организиран на свој начин. Најчесто евиденцијата се состоеше од изработките и резултатите на учениците (фотографии, презентации, одговори од нивни прашања) систематизирани во електронско досие или во други папки. Врз основа на формативното следење на учениците, наставниците навреме ги оценија учениците, а успехот, редовноста и поведението беа утврдени на Наставнички совет на 10.06.2020 година.

Свидетелствата на учениците од IX одделение беа доделени на 15.06.2020 поради уписите во средно училиште, додека свидетелствата на учениците од I до VIII поради пандемијата од Ковид 19 ќе се доделуваат во септември 2020. При доделувањето на свидетелставата за IX одделение беше изготвен протокол со почитување на мерките за заштита од Ковид 19.

Во учебната 2019/20 година се применуваа наставните програми за I, II, III, IV, V, VI, VII VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование. Така, оваа учебна година од основното образование излезе шестата генерација ученици кои завршија IX одделение. Овие ученици своето образование ќе го продолжат во средно училиште, а за конкурсот и условите за уписи беа професионално ориентирани и запознаени преку ФБ групите од страна на стручната служба во текот на месеците мај и јуни.

На почетокот на учебната година учениците добија бесплатни учебници, а според однапред направен распоред и протоколи со почитување на мерките за заштита од Ковид 19 истите во јуни беа вратени и предадени на следната генерација ученици. Исто така нарачани се и потребните комплети и учебници што недостасуваат за наредната учебна година.

Годишната програма за работа на училиштето беше навремено изработена според нови упатства, ги содржеше сите потребни елементи и прилози, и како таква разгледана на редовна седница на Наставнички совет и Училишен Одбор, а потоа предложена и одобрена од Советот на општина Охрид.

Во текот на месец јуни (според препораки од МОН) се реализира запишување на ученици за прво одделение за во Лескоец и за во подрачните училишта. Се запишаа вкупно 28 деца (25 во Лескоец, 2 во ПУ Косел и 1 во ПП Ливоишта. Во ПУ Куратица за учебната 2020/21 не се запиша ниту еден ученик. Од запишаните деца 27 се редовни обврзници и се родени 2014 година, додека само едно дете е родено во јануари 2015 година. Тоа од страна на педагошко – психолошката служба ќе биде тестирано во месец август со тест за предзнаења и тест за интелегенција, после што ќе се изготви мислење за спремноста за следење на наставата во прво одделение во учебната 2020/21 година. Сите потребни податоци за новозапишаните ученици во I одд. во нашето училиште беа навремено испратени во ДПИ и БРО како што беше побарано од нив.

Оваа година беше година на успешна реализација на проекти во нашето училиште. Така, во текот на септември и октомври 2019 година се реализираа градежни активности во рамки на

проектот од УСАИД, Компонента реновирање, што минатата година беше прифатен, одобрен и поддржан од УСАИД во вредност од 1.200.000 денари. За успешно реализирање на проектот поддршка даде и општина Охрид, со учество во изведувањето градежни работи од страна на локалните јавни претпријатија, во вредност од 300.000 денари, со што целокупната вредност на проектот изнесува 1,5 милиони денари.

Преку овој проект во училиштето во Лескоец целосно се реновираа санитарните јазли за учениците, се реновираа и варосаа ѕидовите и таваните во сите училници, се направи Армстронг таван и се реновираа ѕидовите од големиот хол, се заменаа вратите во сите училници, се направи пристапна рампа за лица со посебни потреби од задниот влез во училиштето, се истружи и исфарба дел од подот во ходниците и целосно се уреди и оплемени училишниот парк, каде се санираа постоечките, а се поставија и нови реквизити. Резултатите се видливи, значително се подобрени условите за престој и настава во училиштето.








На 05.11.2019 година во присуство на претставници од УСАИД, членови од Локалната самоуправа – Охрид и стручен надзор од Битола, се направи технички прием на градежните активности што во изминатиов период се реализираа во ОУ „Ванчо Николески“ во Лескоец, Охрид. Претставниците од УСАИД не го криеја своето задоволство од соработката со училиштето, посветеноста на менаџерскиот тим и тимската работа во текот на целиот период.






Она што беше доста важно при реализација на активностите од овој проект, се правеа напори и се успеваше во тоа во ниеден момен да не се попречува наставата, односно часовите и воннаставните активности цело време се реализираа според планираното.

Од учебната 2019/20 година нашето училиште се вклучи во два Еразмус+ проекти што треба да ги реализира во следните две години и тоа е нешто по што сме препознатливи во општина Охрид. Во првиот проект со наслов „Чиста природа – долг живот“ („Clean nature long life“) е партнер со училишта од земјите: Велика Британија, Португалија, Романија и Турција. Во вториот проект „Бришење бариреи преку споделување културно наследство“ („Breaking barriers through sharing treasures“) е партнер со училишта од: Полска, Португалија, Италија (Сардинија), Турција и Грција. Нашето училиште во ноември 2019 година веќе беше домаќин на првата мобилност за двата проекти и тоа беше големо искуство за нас и нашите ученици.




Во рамки на програмата Еразмус+, ОУ Ванчо Николески од Лескоец од 3-ти до 9-ти ноември беше домаќин на вкупно 11 наставници/стручни соработници од Велика Британија, Португалија, Романија и Турција. Ова училиште заедно со училишта од овие држави е вклучено во заедничкиот проект со наслов „Чиста околина – долг живот“, што ќе се реализира до јуни 2021 година. За време на оваа посета се работеше според однапред изготвена програма на тема „Климатски промени“, за што се реализираа голем број работилници, презентации и посети во соодветни институции. Учесниците имаа можност да ги посетат „Хидробиолошкиот завод“ во Охрид, НП „Галичица“ и музејот на вода во „Заливот на коските“, од каде добија информации за климатските промени на локално ниво, како и влијанието на истите врз локалната флора и фауна. Исто така имаа можност да соработуваат и да разменат искуства со претставници од НВО што ја третираат оваа проблематика. За учесниците во текот на нивниот престој во Охрид беше организирана посета на општина Охрид и средба со заменик градоначалникот на Охрид, како и посета и разглед на значајни културно – историски знаменитости во нашиот град и околината.












Не менувај ја климата, промени се себе си! Со ваков заклучок се заврши првата Еразмус посета во ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид. Целите на оваа мобилност беа целосно постигнати. Донесени беа потребните заклучоци и изготвени беа сценарија за примена на знаењата од оваа средба во работа со учениците. Размислуваме глобално, но ќе дејствуваме локално. Секој од нас во својата земја и својата околина. Сите заедно заклучивме дека не можеме да ги менуваме климатските промени, но може да се менуваме себе си и нашето однесување врз природата. Оваа посета заврши со многу заклучоци и идеи како да влијаеме врз нашите ученици за зачувување на животната средина воопшто.




Исто така, нашето училиште ООУ „Ванчо Николески“во периодот од 18ти – 22ри ноември беше домаќин на 8 наставници и 16 ученици од: Полска, Сардинија (Италија), Грција и Турција. Посетата беше во рамки на проектот „Бришење бариери преку споделување богатства“, а Охрид беше избран да биде првиот град домаќин од проектот што ќе трае до јуни 2021 година.

Еразмус тимот од ова училиште изготви програма на поттема „Игри без граници“, која беше успешно и во целост реализирана. Пет дена исполнети со работилници, презентации, игри, посети на културно – историски знаменитости, многу дружење, забава, размена на искуства и учење.

Во текот на нивниот престој во Лескоец и во Охрид, гостите имаа можност да се запознаат со училиштето, да посетат часови, да реализираат заеднички работилници за споделување знаења за културните наследства, да изработуваат презентации, меѓусебно да соработуваат, како и да бидат дел од заедничката игра „Сложувалка“, која ги опфаќаше сите активности.



Во рамки на програмата беше организирана и игра „Потрага по богатство“, која се реализираше во стариот дел од Охрид, кога сите наставници и ученици поделени во 4 групи, имаа можност на интересен и забавен начин да научат за нашите културни богатства. После тоа беше организирана играта од натпреварувачки карактер „Photo Safari“, кога членовите од групите имаа можност да го покажат нивното знаење стекнато во текот на играта „Потрагата по богатство“. Во текот на овие вежби, а и на следните активности, учениците поделени во групи истовремено собираа делови од сложувалка, која на крајот од нивниот престој во Охрид ја склопија заедно со нивните домаќини наставници и ученици.

Целта на овој проект беше преку игра наставниците и учениците да ги избришат бариерите доколку постојат и да ги рушат предрасудите што се базираат на било какви различности. Сите ние имаме многу заеднички работи и тие треба да не’ поврзуваат. На крајот од оваа средба беше изготвен и филм во времетраење од 10 минути, во кој се прикажани сите активности и резултати од оваа Еразмус+ средба.







Во рамки на оваа посета претставниците од странските земји ја посетија и општина Охрид, каде имаа можност да се сретнат со претседателот на советот, г-ѓа Живка Ангелоска. Таа истакна дека училиштето „Ванчо Николески“ е предводник во реализација на проекти во општина Охрид.



Следува период на други мобилности во останатите земји во рамки на овие два Еразмус+ проекти во кои сме вклучени, каде уште повеќе ќе се стекнеме со нови знаења, вештини и способности од одредените теми. За жал, поради новонастанатата ситуација со Ковид 19, беа одложени 3 мобилности што требаше да се реализираат во март, април и мај/јуни 2019 година во Мадеира (Португалија), Измир (Турција) и Порто (Португалија), но истите во договор со Националната агенција и со нашите партнери во проектите ќе се реализираат кога за тоа ќе се создадат услови.



Како придобивка од Еразмус+ проектите библиотеката во училиштето ја опремивме со нов фиксиран проектор и таванско платно за проектирање, со што ја претворивме во медиотека, каде ќе може да се реализираат состаноци, разни презентации и часови за проекции со ученици. Исто така беше изготвена и веб страна на училиштето, која е во функција од второ полугодие оваа учебна година, која ја користиме за промоција на сите училишни активности.

Нашето училиште и оваа учебна година продолжи со реализација на програмата од ПМИО, преку воведување содржини со меѓуетнички карактер во наставата. За реализација на овој проект партнер училиште ни е ОУ "Јунус Емре" од Лисичани, општина Пласница, со кои оваа година работевме на заеднички проект за кој добивме финансии, а активностите ги реализираме во месец септември и октомври 2019 година, во договор со нив и со донаторите.

На 19-ти септември ОУ „Ванчо Николески" Лескоец, Охрид беше домаќин на наставници и ученици од нивното партнер училиште „Јунус Емре" од с. Лисичани, општина Пласница. Заедничката средба која се одржа во подрачното училиште во Косел, воедно беше и прва фаза од добиениот грант за Проектот за меѓуетничка интеграција, во чии рамки се реализираа 6 работилници со учество на вкупно 50 ученици и 20 наставници. Учениците од







двете училишта на интерактивен начин, а под водство на тандеми од наставници, учествуваа во биолошко - хемиска, географска, германска, македонско - турска, спортска работилница, како и психолошка работилница за препознавање и справување со врсничко насилство.







Втората фаза од проектот што беше продолжение од овие работилници, се реализира во октомври во ОУ „Јунус Емре“ во Лисичани, каде повторно учествуваа наставници и ученици од двете училишта.

Целта на ваквите средби е преку интерактивни работилници да се бришат меѓуетничките бариери кај учениците, како и да се промовира интеграција, толеранција и соживот со различните од нив.

Активностите од реализација на проектите од УСАИД, Еразмус+ и ПМИО беа промовирани и преку нашата веб страна, но и во сите локални, па дури и национални медиуми.

И оваа учебна година нашето училиште ја продолжи соработката со збратименото училиште ОУ “Светозар Маркович” од Лесковац, Република Србија. Во декември 2019 година делегација од нашето училиште беше гостин на нивниот Патронен празник кога наши ученици се претставија со своја уметничка точка на нивната свечена приредба, со перформанс „Се’ е исто само него го нема“ во изведба на ученици од IX одд. Во текот на нашиот престој во збратименото училиште, учествувавме во креативни работилници и презентации, кои беа од едукативен карактер. За жал, во мај немавме возвратена посета од нивна страна, поради нечествувањето на нашиот патронен празник заради пандемијата од Ковид 19. Збратимувањето е со цел размена на искуства и реализирање



заеднички активности со наставниците и учениците од двете училишта, па поради тоа може да констатираме дека досега за 7 години имаме направено многу за нашите училишта и ученици.





Изминатава учебна година поголемиот дел од наставниците секојдневно ги испраќаа своите унифицирани дневни оперативни планирања на е-маил адреса во училиштето, специјално отворена за таа намена. До истата пристап имаа директорот и стручната служба, кои секојдневно вршеа увид во дневните планирања и водеа забелешки за нивната редовност. Оние наставници кои не испраќаа дневни планирања по електронски пат, имаа за задача секојдневно да имаат испринтана верзија од дневните планирања. Евиденцијата за испратени оперативни планови е уредно архивирана во канцеларијата на ППС и се зема во предвид при оценување на водењето на ПЕ и Д од страна на наставниците.

Во текот на учебната година имавме редовни посети од инспекторот г-ѓа Жана Димоска, одговорна за нашето училиште, а за месец Март ни беше најавено и очекуваме тим од инпектори од ДПИ ќе реализира редовна Интегралната евалуација во нашето училиште. Поради прекинот на наставата на 10.03.2020 година, не се реализира редовната интегрална евалуација кај нас најавена за Март 2020.

Оваа учебна година во нашето училиште имаше продолжен престој за учениците од одделенска настава во Лескоец и во ПУ Косел, со што значително се придонесе за полесно совладување на наставните содржини кај учениците од I до V, кои истовремено беа згрижени во училиштето поголем дел од денот. Остануваат заложбите и интенцијата доколку се направат услови следната година, училиштето да нуди можност за целодневен престој за учениците од Лескоец, бидејќи тоа е нешто што навистина им е потребно на родителите.

Оваа учебна година преку проект поддржан од Локалната самоуправа во училиштето имавме 1 образовен асистент (дефектолог), ангажиран како придружба за ученик со Даунов синдром во VIII одделение. Работата на образовниот асистент во голема мерка овозможи индивидуален развој на ученикот, како и поддршка и помош на предметните наставници, а и на неговите родители. Барање со сите потребни документи за образовни асистенти повторно се аплицирани до општина Охрид, за што се надеваме на позитивен одговор, и повторен ангажман на образовни асистенти за учениците за кои имаме потреба и во следната наставна година.

Во училиштето функционираа училишен инклузивен тим и два тима за инклузија на двајца ученици со посебни потреби, составени од: директорот, педагошко – психолошката служба, наставници, родители и дефектолог. Преку заеднички консултации и состаноци на овие тимови, се планираше работата со учениците со посебни потреби и се водеше соодветната евиденција од нивниот напредок. Тимовите даваа соодветна поддршка на работата на наставниците и образовниот асистент со УПОП.

## УСЛОВИ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА

Како поставени приоритетни задачи во годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/20 година имавме поставено осум, и тоа:

1. Формирање медиумски клуб во училиштето во Лескоец.
2. Набавка на 3Д принтер и формирање моделарска секција.
3. Професионален развој на воспитно – образовниот кадар.
4. Изготвување нов план за евакуација во Лескоец и реализирање показни вежби.
5. Обезбедување дефектолог во училиштето.
6. Оплеменување на катчето зад училиштето (кај пристапната рампа).
7. Изградба на настрешница во ПУ Косел (од зградата до санитарните јазли).
8. Изградба на настрешница пред влезот во ПУ Куратица.
9. Изградба на спортска сала во Лескоец.

***Првиот приоритет*** беше делумно реализиран, односно просторијата за медиумски клуб беше прилагодена и истата технички беше опремена, поставени беа сите елементи од озвучувањето за да може да почне со работа во второто полугодие. Исто така беше назначена одговорна наставничка, која си направи избор на ученици за да се почне со активности, но поради новонастанатата ситуација со Ковид 19, активностите на медиумскиот клуб се одложија за кога ќе се вратиме во училиштетио.

За реализација на ***приоритетот професионален развој на воспитно – образовниот кадар*** континуирано се работи, и може да се констатира дека тековно успешно се реализира училишната програма за професионален развој. Во текот на учебната година се организираа и посетија неколку семинари и обуки за наставниците и стручната служба од училиштето, организирани од БРО, МОН, УСАИД, или од други организации и акредитирани институции. Најголем дел од обуките се однесуваа за успешно реализирање на наставата по одредени наставни предмети, како и внесување на некои новини во наставата.

Имено, воспитно – образовниот кадар од нашето училиште во текот на учебната 2019/20 година (посебно до 09.03.2020) имаше можност да посети и учествува во неколку обуки и семинари:

- Во текот на месец август 2019 година директорката Елена Ел Нади и наставниците од предметна настава: Горан Матески, Весна Симоноска, Татјана П. Бунчевска и Елисабета Настоска во организација на Британски совет ја посетија обуката „Критичко размислување, решавање проблеми и кодирање“, а потоа и онлајн го поминаа основниот курс за Микро бит, за кој добија серификати.
- Во август 2019 наставникот по информатика Горан Матески посети семинар за нова програма по информатика за VII одд. во организација на БРО.
- Во септември 2019 наставничката Габриела Ѓоргиевска во организација на Македонското биолошко друштво се стекна со обука и сертификат на тема „Природни науки за V и VI одделение прв и втор дел“.
- Во септември 2019 наставничките Габриела Ѓоргиевска и Цвета Андреска во организација на Друштвото на физичарите ја посетија Меѓународната конференција за образование по математика, физика и сродни науки, за што се стекнаа со сертификати.
- Во ноември 2019 наставничката Елисабета Настоска во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност го посети семинарот „Подобрување на капацитетите на училиштата при аплицирање за Еразмус проекти“, за што се стекна со сертификат.

- Во јануари и февруари 2020 година психологот Александра Трпеска и наставничката емилија Блажеска беа присутни на Регионални форуми во заедницата – социјална инклузија, во организација на Министерството за локална самоуправа и швајцарската агенција за развој и соработка.
- Во јануари 2020 наставничките од одделенска настава Орнела Усовиќ и Билјана Танеска беа на обука за Тандем настава по ФЗО во прво одд.
- Во јануари 2020 наставничката Габриела Ѓоргиевска во организација на Македонското биолошко друштво се стекна со обука и сертификат на тема „Природни науки за V и VI одделение прв и втор дел“.
- На 30, 31–ви Март и 1-ви Април наставниците Миле Аврамоски и Марина Тодороска Мартиноски присуствуваа на онлајн обуката „Microsoft teams for education“ (времетраење вкупно 6 часа). Истата беше во организација на МОН, а ја реализираше Семос Едукација. Наставниците се стекнаа со соодветен сертификат.
- Наставникот Миле Аврамоски присуствуваше на онлајн обука „Вебинар за користење алатки за далечинско учење (zoom, class dojo, quizz, kahoot) во времетраење од 2 часа, а во организација на Digital School. Наставникот се стекна со соодветен сертификат.
- Во април наставничките Јасна Бадалоска и Даниела Чифлигароска онлајн посетувале презентации и обуки на тема алатки за онлајн учење, (zoom - како најзастапено), во организација на Дигитал скул Скопје, за што се стекнале со сертификати.
- На 30.05.2020 психологот Александра Трпеска се стекна со сертификат за успешно завршен петчасовен онлајн семинар за АДХД, во организација на Здружението за дислексија „Ајнштајн“.
- На 04.06.2020 наставничката по ФЗО Валентина Караѓуле ја посети обуката на тема: „Работа со деца, степен на оптоварување и основни принципи за цел на детстkото здравје и правилен раст“. Обуката траеше 3 часа, во организација на Одбојкарскиот клуб Јанта волеј форца, во соработка со Одбојкарската федерација на Македонија, а предавач беше Вања Грбиќ - освојувач на златен медал Олимписките игри во Сиднеј во 2000 година, член на Куќата на славните и претставник од Светската одбојкарска федерација (ФИВБ).
- На 12-ти јуни, директорката Елена Ел Нади, педагогот Весна Терзиоска, психологот Александра Трпеска и наставничката по Граѓанско образование Александра Петревски, присуствуваа на онлајн обука на тема: „Активности за поттикнување на демократската клима во училиштето“, која произлегува од новиот Концепт за граѓанско образование. Обуката беше во организација на БРО, на конференцискиот сервис ZOOM, а ја водеше советникот Зоре Бушовска.
- На 19.06. наставничките по англиски јазик Елисабета Настоска и Татјана Паскали – ја посетија онлајн обуката "Нови наставни програми за основно образование", во организација на Бирото за развој на образование. Предавач советник Зора Бушовска.

Во однос на ***четвртиот приоритет, изготвување нов план за евакуација во Лескоец и реализирање показни вежби,*** може да се констатира дека и овој приоритет е делумно реализиран, односно се изготви нов план за евакуација со новиот излез и се истакна на видно место. Показната вежеба беше одложена поради вонредната ситуација и отсуство од училиштето, што ќе се реализира кога ќе се создадат услови за тоа.

Во однос на ***обезбедување дефектолог во училиштето***, испратено е барање до МОН, но се’ уште не е обезбеден дефектолог од нивна страна. Но, во овој контекст успеавме да добиеме два образовни асистенти, кои од месец октомври до јуни работаа со двајца наши ученици кои се категоризирани како ученици со посебни потреби во училиштето. Ги придружуваа за цело време додека беа на училиште и на настава. Едниот образовен асистент е

дефектолог по професија и го придружува ученикот со Даунов синдром во VII одделение, додека другиот образовен асистент е одделенски наставник и го придружува ученикот во I одделение кој има дијагноза на делумна церебрална парализа. Од работата на образовните асистенти имаме позитивни промени и придобивки, како и кај учениците со посебни потреби, така и кај родителите и наставниците, иако не се откажуваме од барањето дефектолог како стручен соработник.

***Вториот, шестиот, седмиот, осмиот и деветтиот приоритет*** не се реализирани, поради тоа што не се обезбедени средства за реализација на истите.

Унапредувањето на воспитно - образовниот процес е наша клучна определба и секоја учебна година се обрнува посебно внимание. Пред почетокот на изминатата учебна година посебен акцент се стави на годишните тематско - процесни планирања, оперативните планирања, размената на искуства во рамки на стручните активи, консултативни разговори, работа со наставник приправник, професионален развој на кадарот, како и следењето на наставни часови, се' со цел интерактивна настава, поголема примена на активни техники, ИКТ во работа со учениците, како и интеграција на ЕКО и ПМИО содржини во наставата. Исто така подбрување на инфраструктурата во училиштето, зголемување на безбедноста на учениците и можностите за изготвување и вклучување во проекти беше наш императив изминатава учебна година.

Сигурни сме дека подобрените услови за работа, стекнатите нови искуства и знаења на воспитно – образовниот кадар ќе придонесат за постигнување подобри воспитно - образовни резултати во годините што следуваат.

## ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ

### ЛЕСКОЕЦ

На крајот од оваа учебна година во централното училиште во Лескоец наставата ја завршија вкупно 249 ученици, од кои 129 во одделенска, а 120 ученици во предметна настава.

Учениците од I - III (75) се описно оценети, додека учениците од VI до IX (174) одделение се оценети бројчано.

Од I – III одделение од вкупно 75 ученици, 36 целосно ги постигнале поставените цели, 32 делумно ги постигнале поставените цели, додека 7 ученици не ги постигнале целите.

Од IV – IX од вкупно 174 оценети ученици, 91 се одлични, 62 се многу добри, 19 се добри, 1 е доволен и нема ученици со слаби оценки. Има и 1 неоценет ученик од VIIIб одделение.

Во однос на редовноста состојбата во Лескоец е следна:

- Во одделенска настава на годишно ниво направени се вкупно 1770 изостаноци и сите се оравдани.
- Во предметна настава на годишно ниво направени се вкупно 852 изостаноци, од кои 63 се неоправдани, а 789 оправдани.
- На ниво на училиште во Лескоец направени се вкупно 2622 изостаноци на годишно ниво, од кои 63 неоправдани, или во просек по 10,5 изостаноци.

Во однос на минатата година истиов период бројот на изостаноци е намален за 712 и во предметна за 269, така што вкупната разлика од минатата учебна година и сега е 981 изостанок.

## ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците беа на задоволително ниво. Во текот на учебната година беа изрекувани педагошки мерки, но на крајот на учебната година поради подобрување на учениците мерките беа повлечени и сите ученици го завршија одделението со примерно поведение.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Од вкупно 23 предмети што се изучуваат во предметна настава, општ одличен успех е постигнат по предметите: ликовно обр., ФЗО, музичко обр., иновации, ТО и по изборниот предмет ТО.  Општ добар успех е постигнат по предметот информатика. По сите други предмети е потигнат општ многу добар успех.

Од споредбениот преглед на успехот по предмети во предметна настава може да се забележи дека дури 10 наставни предмети бележат послаб успех во однос на минатата година истиов период. Тоа се: проекти од информатика (-0,63),географија (-0,05), информатика (-0,39), етика (-0,59), ликовно образование (-0,16), програмирање (-0,40), хемија (-0,05), иновации (-0,11), ТО (-0,19) и запознавање на религии (-0,25).

Највисок среден успех постигнат е по ФЗО (4,89) од задолжителните предмети, додека најслаб успех е постигнат по историја (3,70) и по информатика (3,40).

За учениците од VI до IX е пресметан среден успех 4,19 истиот е за 11 стотинки повисок од минатогодишниот во Лескоец (4,08).

## УСПЕХ ПО ПАРАЛЕЛКИ

Од паралелките кои се бројчано оценети, надобар среден успех бележи VIIIа (4,39). Следуваат: VIIIб (4,32); IXб (4,23); VIа (4,20); IXа (4,18)VIIа (4,14); VIб (4,09) иVIIб (3,99). Во однос на минатата учебна година паралелките VIIIа, VIIIб, VIа и VIб бележат повисок успех, а другите бележат понизок успех споредено со лани.

## ПУ КОСЕЛ, ПУ КУРАТИЦА И ПП ЛИВОИШТА

Во подрачните училишта оваа учебна година наставата ја следеа 40 ученици во ПУ Косел, 15 ученици во ПУ Куратица и 2 ученици во ПП Ливоишта. Вкупно 57 ученици од I – IX одд. Од вкупно 57 ученици, 30 се во одделенска настава, додека 27 се во предметна настава.

Описно се оценети 19 ученици,  од I – III одделение и се распоредени по категории, и тоа: 15 се во прва категорија, 4 се во втора категорија .

Учениците од IV-IX одделение се оценети бројчано, и тоа: од вкупно  38 ученици, 24 се одлични, 10 многу добри, 3 добри, 1 доволни и нема ученици со слаби оцени во ПУ во овој период.

Во однос на редовноста на учениците во подрачните училишта, состојбата е следна:

- Во одделенска настава на годишно ниво има 55 оправдани изостаноци.
- Во предметна настава во ПУ на годишно ниво направени се 56 оправдани изостаноци.
- На ниво на подрачни училишта направени се вкупно 111 оправдани изостаноци.

- Во однос на минатата година истиов период бројот на изостаноци е намален за 712 и во предметна за 269, така што вкупната разлика од минатата учебна година и сега е 981 изостанок.

Во однос на минатата година истиов период бројот на изостаноци е намален за 193 и во предметна за 89, така што вкупната разлика од минатата учебна година и сега е 283 изостаноци.

## ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред од страна на учениците беа на задоволително ниво. Во текот на учебната година беа изрекувани педагошки мерки, но на крајот на учебната година поради подобрување на учениците мерките беа повлечени и сите ученици го завршија одделението со примерно поведение.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Во предметна настава во подрачните училишта општ одличен успех е постигнат по предметите: ликовно образование, музичко образование, ФЗО, ТО, природни науки, нашата татковина, проекти од ликовна култура и спорт. По сите други предмети е постигнат општ многу добар успех. Најслаб успех во ПУ е постигнат по математика (3,83), а најдобар по проекти од ЛК, спорт, нашата татковина и ликовно образование (5,00).

За паралелките од VI до IX од ПУ е пресметан среден успех 4,35 и е за 19 стотинки подобар од минатогодишниот.

## УСПЕХ ПО ОДДЕЛЕНИЈА И ПАРАЛЕЛКИ

Рангирани според најдобар успех паралелките од ПУ се: VI Косел (5,00); VII Косел (4,75); IX Куратица(4,73); IX Косел (4,60); VIII Куратица (4,50); VII Куратица(3,84) и VI Куратица(3,69).

Во однос на успехот на наставните предмети споренени со полугодие послаб успех бележат: граѓанско образование (-0,71), хемија (-0,65), етика (-0,03), ФЗО (-0,14) и спорт (-0,50 ); проекти од информатика (-0,14), македонски јазик (-0.17) и англиски јазик (-0,09), додека сите останати предмети бележат позитивна разлика. Највисока позитивна разлика од полугодие до сега бележи биологија (+0,38).

## ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ РЕЗУЛТАТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

Наставата во текот на годината на ниво на училиште ја следеа вкупно 306 (за 13 помалку од минатата година). Од нив 94 се описно оценети, 211 се бројчано оценети, а 1 ученик од VIIIб е неоценет.

Од описно оценетите ученици од I – III одделение 51 се во прва категорија, 36 се во втора категорија, а само 7 се во трета категорија.

Од бројчано оценетите 211, 115 се одлични, 72 се многу добри, 22 се добри, 2 се доволни и нема ученици со слаби оцени. Неоценет е 1 ученик.

На ниво на училиште направени се вкупно 2733 изостаноци (2670 оправдаи, а 63 неоправдани). Просечно секој ученик направил по 8,9 изостаноци. Во однос на минатата учебна година направени се 1263 изостаноци помалку.

На крајот на учебната година сите 306 ученици се оценети со ПРИМЕРНО ПОВЕДЕНИЕ:

Во IV - IX одделение постигнат е среден успех 4,38 што е за 40 стотинки подобар од минатата учебна година.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### А) Слободни ученички активности

Оваа учебна година слободните ученички активности беа застапени во паралелките од предметна настава, како во централното, така и во подрачните училишта. Нивната активност дојде до израз при одбележувањето на значајни датуми и празници, како на училишно, така и на локално ниво, а исто така и при учество на општинските и регионалните натпревари во спорт.

Учениците на почетокот од учебната година сами се определуваат во која секција сакаат да членуваат, а во текот на работењето на секцијата се реализира програма изработена од одговорниот наставник. Сите наставници кои водеа секција во месец септември доставија програмата за работа на секцијата и список на ученици членови на секцијата до стручната служба, а активностите во рамки на секциите уредно ги водеа во одделенските дневници. И оваа учебна година проблем со реализација на програмата од СУА се јави заради недостаток на простор и време, но сепак планираната програма се реализира (до 09.03.2020 додека се реализираше настава во редовна ситуација.

Во училиштето во целост работеа следниве секции: литературно - рецитаторска секција, драмска секција, љубители на германскиот јазик, секцијата за прва помош и заштита, еколошка секција, математичко – физичка секција, спортска секција и хорот. Нивните активности дојдоа до израз при учеството на литературните конкурси, при учество на натпревари во знаење и спорт, како и при одбележувањето на празници и прослави во училиштето и надвор од него.

**ДРАМСКА СЕКЦИЈА ЛЕСКОЕЦ:** Во драмската секција во Лескоец членуваа 39 ученици од шесто до деветто одделение. Секцијата се формираше во септември, а на секоја средба се работеше на еден сегмент од драматургијата. На неколку средби се подготвуваа различни едночинки. Драмската секција подготви своја точка со која настапи на денот на училиштето на ОУ „Светозар Марковиќ“-Лесковац, Србија.Со своја кореографија драмската секција учествуваше и на приредбата по повод Нова Година. Драмската секција почна со подготовки за Велигден и Денот на училиштето, но заради пандемијата со вирусот Ковид-19, сите активности запреа на 10-ти Март.

Драмската секција во Лескоец ја водеше наставничката Емилија Блажеска.





**ДРАМСКА СЕКЦИЈА ПУ КОСЕЛ:** Драмската секција во подрачното училиште во Косел ја води наставникот Димче Донески. Секцијата вредно работеше и оваа учебна година, а со своја точка успеа да се претстави на свечената приредба по повод Нова година со претставата „Џуџе Мраз во земјата на чудата“.



**ОД СПОРТСКАТА СЕКЦИЈА ВО ПУ КУРАТИЦА:** Во текот на учебната 2019/20 година во во ПУ Куратица се реализира спорска секција со учениците од VI до IX одд. Во рамките на истата се организираа најразлични активности поврзани со спортовите гимнастика и одбојка како и музичко-ритмички точки што се изведоа на приредбата за Нова Година и се планираше да се изведат за одбележувањето на Патрониот празник на училиштето (10.05.2020). Од областа на гимнастика и одбојка беа совладани елементи од и вон наставниот процес, сложени и комплексни, но учениците од секцијата без проблем ги совладаа поради поседување талент и упорна работа. Музичко - ритмичките точки беа реализирани со сите ученици од ПУ Куратица, но во тие активности земаа учество и учениците од спортската секција. Учениците беа мотивирани и задоволни и со желба за понатамошно усовршување и учество во спортската секција и во наредната учебна година. Оваа секција ја водеше наставничката Валентина Караѓуле.

**ОД ЛИТЕРАТУРНО – РЕЦИТАТОРСКО - ДРАМСКАТА СЕКЦИЈА ВО ПУ КУРАТИЦА:** Оваа секција во ПУ Куратица беспрекорно опстојува веќе петнаесет години. Желбата и ентузијазмот за докажување на своите литературно-рецитаторско-драмски способности, од година во година е сѐ поизразена кај нашите ученици. Нивните актерски вештини им овозможуваат да ги искажат своите скриени желби. На часовите по оваа секција се работи со голема љубов, со интерес ја прифаќаат улогата која им е одредена и несебично се трудат да се поистоветат со истоимениот лик. Сработеното оваа година имаа можност да го прикажат пред родителите и локалната средина во Новогодинешната приредба.



**ЕКОЛОШКА СЕКЦИЈА:** Во рамките на еколошката секција во училиштето во Лескоец вклучени се вкупно 30 ученици, а одговорни наставници се наставничката по географија Татјана Пуцоска Бунчевска и наставничката по биологија Габриела Ѓоргиевска. Еколошката секција беше формирана во септември, а исто така беше одбрано и раководство на секцијата. Во септември беше формирана и *ЕКО ПАТРОЛА* која функционираше во рамките на еколошката секција.

На вториот состанок на еколошката секција беа избрани по двајца ученици од секое одделение кое беше одговорно за спроведувањето на хигиената и извршувањето на активностите дадени од наставниците во рамките на *ЕКО ПАТРОЛАТА*.

На почетокот на ОКТОМВРИ сите членови од еко патролата поднесоа извештај од

работењето на истата. Исто така после излетот на учениците во октомври беше спроведена акција за собирање на пластични шишиња. На 16 ти Октомври беше одбележан **Денот на здрава храна,** со тоа што сите ученици како ужинка јадеа овошје. Во рамките на еколошката секција беше донесена одлука секој петок сите ученици задолжителн да јадат овошје, сѐ со цел зголемување на свесноста на учениците за здрав начин на исхран . Од страна на сите ученици во училиштето (вклучувајќи ги и подрачните училишта) се почитуваше препораката за јадење на овошје и истото беше почитувано во текот на целата учебна година.





Во октомври исто така беше спроведена акција за собирање стара хартија. Голем дел од учениците на училиште донесоа хартија што не им е потребна со цел истата да се рециклира. Во рамките на училиштето беа поставени пакети со пароли за рециклирање на хартија, каде учениците ја оставаа хартијата која ја носеа. Оваа акција беше испратена и од страна на наставниците, стручната служба и директорот, кои активно се вклучија и дадоа свој придонес за да се собере што повеќе стара хартија.

НОЕМВРИ беше месец за подготвување за зимскиот период. Од страна на учениците беше направена подготовка на цвеќето кое се наоѓа во училишниот хол за зимскиот период. Од страна на еколошката секција беше направено истражување и презентација за Охридското Езеро, флората и фауната застапено во него. Презентацијата им беше прикажана на останатите ученици од училиштето.

Еколошката секција го обелжа и 1-ви ДЕКЕМВРИ, Светски ден за борба против сидата**,** преку предавање по повод денот за борба против сидата, симптоми, начини на заболување и заштита од истата.

Пред новогодишните празници членовите од еколошката секција активно учествуваа во украсувањето на холот во училиштето. Исто така од страна на еколошката секција беше избрана и најчиста училница и им беше доделено зелено знаменце за најчиста училница.

ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ беа месеци кога повторно акцентот беше ставен на здравата храна. Од учениците беше изработен постер на кој беше прикажана пирамида на исхрана. Истиот беше поставен на видно место во холот на училиштето, со цел да се поттикне свеснота кај учениците за правилна и здрава исхрана.

Еколошката секција го одбележа и 5 МАРТ, Светски ден за заштеда на енергија, со читање на текст и дискусија како да се штеди енергијата и како можеме повеќе да ги користиме

обновливите извори на енергија. Во втората седница од март секцијата имаше состанок на кој беа изнесени извештаи од работата на еко патролата во училиштето. Многу често активностите од Еколошката секција беа промовирани на електронските локални медиуми. Во текот на месец Февруари 2020 година се потпиша меморандум за соработка со Здружението „Зелен Центар“ од Охрид, а во Април се вклучивме во заедничка соработка во рамки на проект за заштита на флората и фауната во реките Дрим, Сатеска и Коселка река. Носител на активностите од овој проект во нашето училиште што на почетокот беа онлајн презентации, е еколошката секција, а вклучени се учениците од VIII одделение.



**ОД РАБОТАТА НА СЕКЦИЈАТА ЗА ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА:** Членовите на секцијата за прва помош и заштита се љубители на хуманоста и пред се храбри и иницијативни личности. Членовите во текот на учебната година редовно ја посетуваа секцијата, но за жал натпреварите по прва помош кои традиционално се реализираат во месец мај, оваа година не се реализираа. Останува посветеноста на учениците членови на оваа секција следната година да работаат и учествуваат на овој општински натпревар.

**ОД РАБОТАТА НА СЕКЦИЈАТА „ЉУБИТЕЛИ НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК“:** Членовите на секцијата се љубители на германскиот јазик, во текот на учебната година редовно ја посетуваа секцијата и ги реализираа следните активности:

**СЕПТЕМВРИ** – се формираше секцијата по германски јазик и истата броеше 17 члена од предметна настава при училиштето Ванчо Николески Лескоец, учениците беа запознаени дека 26 септември се обележува како ден на европските јазици, и истиот беше обележан со изведена песна на германски јазик.

**ОКТОМВРИ** – учениците се запознаа со животот и делото на големите германски автори браќата Грим.

**НОЕМВРИ** – учениците изработија презентација на тема: Моето училиште, и во истатата на германски јазик го доловија учењето и другарувањето во своето училиште.

**ДЕКЕМВРИ** – учениците се запознаа со празниците во Германија, и преку повеќе различни активности го доловија тамошниот начин на празнување на Божиќните и Новогодишните празници. Членовите на секцијата зедоа учество на Божиќниот базар кој традиционално се организира во нашето училиште. Учениците облечени во традиционална германска облека организираа свој штанд на кој подготвуваа и продаваа традиционални германски вафли.

**ЈАНУАРИ** – учениците читаа изводоци од германски весници, и преку нив стекнаа сознанија за германската култура, обичаии и случувања, а едновремено го увежбаа правилниот изговор на германскиот јазик.

**ФЕВРУАРИ** – учениците на германската секција на постери со соодветен прибор и слики изработуваа семејно стебло, притоа го утврдија германскиот вокабулар на семејните врски.

**МАРТ** – во текот на овој месец учениците на германската секција обработуваа стихотворби на германски јазик по повод на меѓународниот ден на жената 8 Март.

Бидејќи во месец Март беше прогласена вонредна ситуација планираните активности во месец Април, Мај и Јуни не се реализирани. Оваа секција ја водеше наставничката Жаклина Петровска Митковска.

**Б) Натпревари во знаење и спорт**

Во однос на палнираните натпревари, учениците од одделенска и предметна настава во оваа учебна година до 10.03.2020 година учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење и спорт по повеќе наставни предмети, при што постигнаа и завидни резултати.

- Од **11-15.11.2019** година ученици од VIIа, VIIб, VIIIа, VIIIб и VI, VII, VIII ПУ Косел, под менторство на наставниците Горан Матески, Весна Симоноска и Елисабета Настоска, учествувале на интернационален натпревар по информатика „Дабар“ и не е освоено место/награда.
- На **22.11.2019 година** наградени ученици на објавениот конкурс од ООЦК Охрид на тема „Еднакви сме сите“, по повод одбележување на неделата за грижа на стари лица, ги примија наградите во просториите на Црвен Крст Охрид. Наградени беа следниве ученици: Елеонора Смическа, Ивана Шикалеска, Анастасија Котоска и Јована Николоска од IVа, Христијана Парулеска Va, како и Марија Трајкоска од ПУ Косел.



- На **29.11.2019 година** во спортскиот центар „Хексагон“ учениците Христијан Маркоски и Давор Петрески од IX одд. под менсторство на наставничките Наталија Јованова и Валентина Караѓуле учествуваа на општински натпревар во пинг – понг и освоија III место.
- Учениците од ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид, учествуваа и беа со најмногу освоени награди на „Училишните игри без граници“. Училишните игри без граници се оддржаа на **03.12.2019** година, во спортскиот центар Климент Колески, а во организација на Извидничкиот одред „Пионер“. ООУ „Ванчо Николески“ учествуваше со вкупно 6 екипи, и тоа: 2 екипи од четврто одделение, 2 екипи од петто одделение и 2 екипи од шесто одделение.





Екипите од нашето училиште ги постигнаа следниве резултати:

- ✓ I место – учениците од IVа одделение
- ✓ I место – учениците од V одделение
- ✓ II место – учениците од IVб
- ✓ II место – учениците од VIа
- ✓ III место – учениците од VIб

Овие ученици се стекнаа и со два ваучери за учество на заеднички камп во текот на летниот распуст. Целта на овој проект е развивање на психомоторните способности (досетливост, брзина, спретност, вештини), како и тимски и натпреварувачки дух, во што учениците од ова училиште се покажаа како најдобри.

- На **01.02.2020** година во ОУ „Христо Узунов" – Охрид се одржа општински натпревар по **Физика,** а учениците под менторство на наставничката Цвета Андреска и следниве ученици обезбедија пласман за регионален натпревар:
  - ✓ Стефанија Баракоска VIIIа, Даниел Башукоски IXб и Наум Тодороски IXб
  - ✓ Додека учество без пласман имаше и ученичката Ана Китановска од IXа
- На **15.02.2020** година во ОУ „Христо Узунов" – Охрид се одржа општински натпревар по **Природни науки**, а учениците под менторство на наставничката Габриела Ѓоргиевска и се постигнаа следниве реултати:
  - ✓ Теодора Тодороска Vб – II награда
  - ✓ Анастасија Чулческа Vб – III награда
  - ✓ Сара Аслимоска Vа – III награда
  - ✓ Давид Наумоски VIб, Златко Митрески VIб и Теодора Лазароска VIа – пофалници.

Сите горенаведени ученици се стекнаа со пласман за натпреварот на регионално ниво.

- На **15.02.2020** година во ОУ „Христо Узунов" – Охрид се одржа општински натпревар по **Биологија,** а учениците под менторство на наставничката Габриела Ѓоргиевска и се постигнаа следниве реултати:
  - ✓ Мелани Котоска VIIб – III награда
  - ✓ Искра Парулеска VIIIа – III награда, кои се стекнаа со пласман за натпреварот на регионално ниво.
- На **29.02.2020** година во Факултетот за туризам и угостителство – Охрид се одржа општински натпревар по **Математика** и со ученици од одделенска и од предметна настава, под менторство на наставничките Весна Симоноска, Цвета Андреска и Мирка Размоска и се постигнаа следниве реултати:
  - ✓ Мелани Котоска VIIб – II награда
  - ✓ Искра Парулеска VIIIа – III награда
  - ✓ Лука Тодороски VIII ПУ Косел III награда
  - ✓ Марија Настоска IX ПУ Косел I награда
  - ✓ Дамјан Димоски VI – I награда
  - ✓ Деана Војнеска VI – III награда
  - ✓ Марио Пуцоски VIII – пофалница
  - ✓ Софија Парулеска VIII – пофалница
  - ✓ Теодора Тодороска Vб – III награда
  - ✓ Сара Аслимоска Vа – пофалница

На **07.03.2020 година** во ОУ „Христо Узунов" во Охрид се одржа регионален натпревар по географија, каде учениците од ОУ „Ванчо Николески" под менторство на наставничката Татјана Пуцоска Бунчевска, а постигнаа следниве резултати:

- ✓ I награда – Софија Николоска VIII одд.

- ✓ I награда – Ангела Ѓуклеска VIII одд.
- ✓ I награда – Мелани Котоска VII одд.
- ✓ II награда – Лука Тодороски VII одд. во ПУ Косел



Учениците се стекнаа со пласман за државниот натпревар, што требаше да се одржи на 25.04.2020 година на Природно математичкиот факултет во Скопје, но поради ситуацијата со Ковид 19 беше откажан.

Нашето училиште секоја година традиционално организира училишни натпревари во знаење во одделенска настава, кој ги организира и реализира стручната служба во соработка со одделенските наставници. Училишните натпревари во знаење во одделенска настава во организација на ППС, оваа година не се реализираа од познатата причина, вонредна состојба и пандемија од Ковид 19.

Учениците Лука Тодороски од VIII одд. од ПУ Косел, Деана Војнеска од VIб и Теодора Тодороска од Vб на 05.07.2020 година учествуваа на онлајн регионален натпревар по математика и се стекна со пофалници, додека ученичката Сара Аслимоска од Va одд. освои III место.

**В) Ученички екскурзии, посети и излети**

Оваа учебна година се реализира само есенскиот излет со сите ученици од II –IX одделение, во блиската околина (10.10.2019 година). Учениците од одделенска настава со своите одделенски раководители до црквата Св. Илија, учениците и наставниците од предметна настава по рекреативната патека до местото Куба Либре во Охрид, додека учениците и наставниците од подрачните училишта во блиската околина. На овие излети учениците се дружеа меѓусебно, уживаа во природните убавини, а исто така се рекреираа.



Планираните екскурзии со III, VI и IX одделение оваа година не се реализираа, поради пандемијата од Ковид 19.

Во периодот од **12-14 декември 2019 година** делегација од 1 наставник, 1 стручен соработник и 6 деца беа во посета на збратименото училиште ОШ „Светозар Маркович“ – Лесковац, Р. Србија. Нашите ученици зедоа учество во работилниците за маски организирани по повод нивниот Ден на училиштето, а исто така настапија во рамки на нивната свечена програма на тема „Генерална проба“, со точката насловена како „Се’ е исто само него го нема“.



Во текот на учебната година се реализираа и други посети на ниво на паралелки и секции до градот Охрид, чаршијата и кејот, со цел запознавање на неговите

убавини и знаменитости, во некои фирми и институции, како и излети во непосредна близина на училиштето. Преку посетите и излетите се остварија поставените цели за запознавање на градот Охрид, работата на некои институции, непосредната животна средина, рекреација и спортување, здрав начин на живот, развивање на креативноста, другарување, како и се воспостави поблизок однос на релација ученик - наставник.

**17.09.2019** – Ученици од IX одделение со наставничката по македонски јазик Емилија Блажеска го посетија гробот на Григор Прличев, како и неговата спомен куќа.







На **10.10.2019 година** под водство на наставниците по географија Татјана Пуцоска и Александар Трифуноски, сите ученици од VI и VII одделение (вклучувајќи ги и учениците од подрачните училишта во Косел и Куратица) беа во посета на Планетариумот во Скопје. Оваа посета беше испланирана во Годишната програма за работа на училиштето, со цел проширување на знаењата по географија.



**Г) Производствена и општествено корисна работа**

Активностите од ова вонаставно подрачје се целосно реализирани. Учениците најмногу време посветија на уредувањето на училниците, училишните холови, како и уредувањето на дворот и паркот. Во училиштето се поставуваа изложби од ликовни и литературни творби по повод празнувањата, посебно после целосното реновирање на училишниот хол и поставени нови паноа.

Нашето училиште континуирано реализира активности и едукации за заштита на животната средина, а од оваа година е и вклучено во меѓународен проект од Еразмус+ „Чиста природа – долг живот“, каде посебен акцент е ставен во размислување глобално, но делување локално во однос на зачувување на животната средина. Во рамки на овој проект, заедно со координаторот на проектот во нашето училиште, наставничката Елисабета Настоска, учениците во текот на годината правеа активности на оваа тема, споделувајќи со нашите партнери во странство преку е – twining платформата.

Во рамките на ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец веќе две години успешно функционира ЕКО патролата, формирана од по двајца ученици од секоја паралелка во училиштето, која ја координираат наставничките одговорни на еколошката секција. На првиот состанок на почетокот на учебната година им беа пренесени задачите и обврските кои треба да ги спроведуваат членовите на ЕКО патролата и патролата почна да работи, да се грижи за хигиената во и околу училиштето, почитувајќи одредени працила. Членовите од ЕКО патролата имаа беџови со кои беа препознатливи во училиштето. Секоја недела учениците од ЕКО патролата поднесуваа извештај од следењето на хигиената во училниците, во холот на училиштето како и во училишниот двор но и надвор од него, како и за предностите и проблемите со кои се соочуваат во рамките на својата работа. Може да се заклучи дека ЕКО патролата го даде очекуваниот ефект, односно грижата за здрава и чиста животна средина беше подигната на многу повисоко ниво. Подетални информации околу работењето на ЕКО патролата има *во делот за Еколошката секција, кој е дел од овој извештај.*

Во соработка со ОО Црвен Крст од Охрид се организираа повеќе собирни акции (пари, прехрамбени и хигиенски производи) во кои нашите ученици и вработени активно се случија. Собирните акции беа за помош на болни лица, за лица од социјално загрозени семејства, а дел од пакетите собрани за неделата за борба против гладта беа доделени и на социјално загрозени семејства од Лескоец, Косел, Куратица и Ливоишта каде имаме ученици од социјално загрозени семејства.



Исто така членови на ПЦК од нашето училиште во месец Ноември 2019 година го посетија Одделот за геријатрија при Општа болница Охрид, а со своето внимание по повод **Неделата за грижа на стари лица**, им го разубавија престојот на старите пациенти од овој оддел. Оваа посета секоја година традиционално ја практикуваме во нашето училиште, а учениците поразговараа со нив, им изрецитираа неколку песни, им прочитаа состави и им подарија овошје и цртеж кој беше првонаграден на конкурсот „Еднакви сме сите“.

Учениците од ОУ „Ванчо Николески“ преку разни активности го одбележаа месецот на ретки болести. Во месецот со најмалку денови и месецот кој пациентите со ретки болести го викаат „свој“, учениците од ова училиште заедно со своите наставници и библиотекарот одржаа разни креативни активности под мотото „Ретки сте, ама не сте сами“. Во текот на реализираните активности учениците се запознаа со дел од ретките болести, со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат овие пациенти и ја дадоа својата поддршка за заедницата на ретки болести. Учениците со голема мотивираност се вклучија во активностите, преку кои и ја изразија својата креативност и хуманост.

Децата уште од мали ги учиме на разбирање, толеранција, почитување и помош на тие кои страдаат. Се надеваме дека со вакви активности ќе допринесеме да се подигне свеста на учениците, населението и на соодветните институции за заболените од ретки болести, а на тој начин ќе се иницира поголема грижа за истите.









По повод светскиот ден на волонтерите, а во рамки на содржините од Граѓанско образование во VIII одделение за Волонтеризам, педагогот во училиштето Весна Терзиоска, во соработка со наставничката по Граѓанско образование Александра Петревски, на 14.11.2019 година со учениците од VIIIа и VIIIб одделение реализира интерактивна работилница на тема Волонтеризам. На истата учениците имаа можност да се запознаат со поимот волонтирање, со можностите за волонтирање во својата локална средина, како и за личните развојни придобивки од истото.





## СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Стручните органи и тела работеа според своите донесени планови и програми за оваа учебна година. Директорот и стручната служба на училиштето остваруваа активности од 6-те подрачја на воспитно - образовната дејност: планирање и организирање на воспитно - образовната работа, следење на воспитно - образовната работа, аналитичко студиска работа, советодавно инструктивна работа, соработка со општествената средина и учество во подготовките и работата на стручните органи и тела.

Директорот и стручната служба особено внимание посветија на квалитетното изготвување на годишните и оперативните планирања и следењето на наставните часови, поголема примена на интерактивни форми, методи и техники на работа со учениците, примена на ИКТ во наставата, интеграција на сродни содржини, ЕКО и ПМИО содржини, како и на професионален развој на наставниот кадар. Постојано и по потреба се реализираше советодавна работа со родители и ученици, како и консултативна работа со наставници.

Добар дел од активностите на педагогот и психологот беа посветени на советодавната работа со ученици и родители, со цел подобрување на успехот и поведението на учениците. Исто така работеа на изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, распределбата на часови, ангажираност на наставниците, дефинирање на приоритетите, изготвување на периодичните извештаи за воспитно - образовните резултати, вршеа увид врз планирањата од наставниците во септември и по потреба, водеа евиденција за сите следења и посети на наставата, реализираа работилници и професионално ги информираа учениците од IX одделение, ги водеа активностите од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ и редовно испраќаа извештаи, ја следеа ВОР присуствувајќи на наставни часови, учествуваа во активностите од ПМИО, беа дел од училишниот инклузивен тим и од инклузивните тимови за УПОП, беа дел од сите состаноци на стручните активи, настапуваа со свои теми и презентации на разни стрчни тела, беа присутни на сите состаноци на одделенските и наставничкиот совет за кои подготвуваа анализи и извештаи, активно беа вклучени во изготвување видео за одбележување на патрониот празник на училиштето, соработуваа со невладини организации, го водеа во училиштето проектот за Образовен додаток од МТСП, беа дел од тимот за изготвување проекти, беа координатори и носители на активности на проекти, беа поддршка на настваниците и учениците за време на далечинското учење и онлајн наставата, беа вклучени во изготвување на Извештајот за 2019/20 година и Личниот план за професионален развој на секој наставник, а исто така беа дел и од училишната комисија за запишување на првачиња за наредна учебна година.

Ги изготвија сите извештаи за завршување на учебната година. Од мај до август ги презедоа сите потребни активности за изготвување на Годишната програма за работа на училиштето во наредната учебна година (анкети, разговори, согледување на реализираните приоритети, определување нови приоритети, распределба на часови, планирање на видовите настава, програми по подрачја, прилози и сл.). Исто така во текот на изминатата учебна година службата работеше на подготвување на Самоевалуација, што ќе се донесе во август 2020 година, а ќе се однесува на период од 2020 до 2022 година.

ППС учествуваше во организирање и следење на работилници и предавања од страна на институции и невладини организации со учениците од нашето училиште. Така се одржаа предавања и работилници на тема: „Употреба на пиротехнички средства“ – СВР Охрид, „Како да се заштитиме од грипот”, „Заштита од сексуално преносливи болести“ и „Заштита од ХИВ/Сида” од Црвен Крст Охрид, „Здрав раст и развој“ и „Превенција од ХИВ/СИДА“ од Центар за јавно здравје, како и предавање за месечниот циклус кај девојчињата со учениците од VI одделение.

Педагошко – психолошката служба со учениците од V одделение реализира работилница за „Ненасилно решавање кофликти“.





Вработените од нашето училиште оваа година посетија многу семинари, обуки, презентации, кои беа споменати во извештајов при објаснување за реализација на третиот приоритет. Се правеше дисеминација на активности од посетени семинари во рамките на стручните активи.

Стручните активи работеа според свој план и програма под раководство на претседателите избрани на последниот состанок од минатата година. Освен тековни прашања, размената на искуства од посетени семинари, изборот на учебници по некои наставни предмети, беа третирани и стручни теми подготвени од самите наставници или од стручната служба. Програмата по активи е реализирана додека се одвиваше редовна настава во училиштето, а активностите по седници се евидентирани во записници. На сите редовни состаноци на стручните активи беше присутна стручната служба за што водеше паралелни записници, а се вклучуваше со свои стручни теми и согледувања.

На **05.03.2020 година** ОУ „Ванчо Николески“ во Лескоец, Охрид, беше домаќин на стручна средба на педагозите од основните и средни училишта од Охрид и Струга. На средбата се разгледуваа и споредуваа резултатите од полугодишниот успех и редовноста на учениците во основните и средните училишта од овие општини, се дискутираа актуелни прашања и проблеми со кои училиштата секојдневно се соочуваат, се донесоа заклучоци за понатамошно делување, а исто така се презентираа и резултати од Студијата за здрав живот „Health behavior in school aged children“.

Активот на училишни педагози на Охрид и Струга (АУПОС) повеќе од една година функционира во регионот, а во него членуваат педагозите од основните и средни училишта во општина Охрид и Струга. Преку редовни состаноци и размена на искуства овој актив ги организира и поттикнува педагозите низ професионална, одговорна и стручна работа да придонесуваат за поквалитетно воспитание и образование на учениците, како и подобар углед и општествен статус на професијата училишен педагог. Преку овој актив, педагозите како еден од клучните воспитно – образовни субјекти во училиштето, се обидуваат на организиран начин и обединето да пристапуваат кон прашањата од стратешки карактер и да дадат придонес за креирање позитивен амбиент во училишните средини за имплементирање функционални образовни политики, преку реализација на истражувачки, развојни, образовни и иновативни проекти и активности.

Присутните го искажаа своето задоволство од приемот во ОУ „Ванчо Николески“ и од поддршката што менаџерскиот тим од ова училиште ја дава кон работата на стручните

соработници и педагошката работа воопшто, со цел поквалитетна настава, образование и воспитание на учениците.





Одделенските совети и Наставничкиот совет работеа според своја годишна програма, која целосно е реализирана, а исто така според потребите се одржуваа и вонредни состаноци на одделенските совети и наставничкиот совет. Во текот на вонредната ситуација поради Ковид 19, седниците одделенските и наставничките совети се организираа на конференциската платформа ZOOM, за што имаме и електронски записи.

Соработката на училиштето со родителите се одвиваше плански на родителските среќавања и индувидуално по барање на родителот или одделенскиот раководител. Може да се констатира дека сепак оваа соработка се подобрува, бидејќи училиштето воспостави пракса од писмено поканување на оние родители кои не доаѓаат на родителски средби, а има потреба од разговор со одделенски раководител, стручната служба или директорот на училиштето. И оваа година во училиштето во соработка со родителите се реализираа активности во рамки на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, по препораки од МОН. Во таа насока родителите организираа предавања пред учениците, дел од наставниците реализираа отворени родителски средби на кои родителите можеа да разговараат со сите наставници, потоа родителите и наставниците организираа заеднички настани како на пример хуманитаерен новогодишен базар и сл., за кои активности стручната служба редовно поднесуваше извештаи до МОН. Во текот на далечинсото учење наставниците електронски или телефонски беа во контакт со родителите, а последната родителска средба во јуни за запознавање со годишниот успех, редовност и поведение, многу од нив ја реализираа онлајн, преку ZOOM платформата.

Директорот и ППС во текот на месец Јуни направија анкета кај учениците, родителите и наставниците за искуството од далечинското учење. Податоците се обработени и ќе се искористат за задржување на јаките страни, а надминување на слабите страни кои се јавија како предизвик во вонредната ситуација.

## СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Ова подрачје ги опфаќа следните активности:

- планирање на наставниот материјал;
- аналитичко студиска и истражувачка работа;
- водење на педагошка евиденција и документација; и
- работа на училишната библиотека.

По сите горенаведени прашања активностите течеа континуирано во текот на целата учебна година и беа успешно реализирани. Годишните планирања беа навреме и квалитетно изготвени, а исто така редовно и квалитетно се изготвуваа и оперативните планирања. Сите наставници го користеа унифицираниот оперативен план изготвен од стручната служба и директорот. Оперативните планови за час секојдневно се испраќаа на е-маил адреса од училиштето (до 09.03.2020 година), а стручната служба водеше евиденција за истото. Поради новонастанатата ситуација и неунифицираност од страна на МОН како да продолжиме, наставниците имаа обврска да ги реализираат часовите и во вонредната состојба според распоредот, но немаа обврска да испраќаат планирања во училиштето. Во текот на учебната година по завршувањето на секој класификационен период беше вршен увид врз водењето на одделенските и електронските дневници на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Стручната служба изготвуваше извештаи по наставни периоди за постигнувањата на учениците, кои беа разгледувани на седниците на Наставничките совети.

Сите семинари кои беа организирани од БРО и МОН во текот на годината и за кои имавме покана, беа посетени од страна на соодветни наши наставници, со што имплементацијата на евентуални промени и новини се изврши навремено, а квалитетот на наставата се подигна на повисоко ниво.

Во текот на учебната 2019/20 година се реализираа неколку аналитичко – истражувачки активности. Се спроведе анкета со наставниците за планирање активности за следната 2020/21 година. Обработените податоци ќе бидат дел од Годишната програма за работа на училиштето за 2019/20 година. Исто така се спроведе анкета за ученици, наставници и родители во рамки на Самоевалуација 2020, а исто така и анкета за искуството од далечинското учење и пнлајн наставата. Податоците се обработени и ќе се искористат за задржување на јаките страни, а надминување на слабите страни кои се јавија како предизвик во вонредната ситуација.

Од страна на стручната служба и директорот, како и од државниот просветен инспектор редовно се правеше увид во водењето на педагошката евиденција и документација, посебно по завршувањето на секој класификационен период. Забелешките се внесуваа во евидентни листови за наставниците. Уредно се водеа педагошките картони и професионалните досиеја од наставниците. Сите наставници имаа насоки да ги ажурираат своите CV-а и професионални досиеја, поради најавената Интегрална евалуација (за Март 2020), која сепак не се реализира поради пандемијата со Ковид 19.

Оваа учебна година училиштето отпочна со активности за изготвување Правилник од Критериуми за вреднување на наставниците, најпрво преку разговор и дискусија во рамки на стручните активи, а во текот на следната учебна година ќе биде донесен во рамки на Наставнички совет.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАТА

Програмата за работа на библиотекарот за учебната 2019/20 година беше планирана по месеци, а библиотекар беше библиотекар Ана П. Стојкоска. Голем дел од планираните активности се реализираа според предвиденото, но се реализираа и многу други активности кои не беа планирани. Следува опис на реализирани активности по месеци.

**СЕПТЕМВРИ**

- **Изготвување записници за поделените учебници**
  По распределувањето на бесплатните учебници врз основа на член 5 од Правилникот за начинот за прием, складирање, доделување и враќање на комплети на учебниците во основните училишта, во почетокот на месецот беа изготвени записници за поделените учебници и истите беа доставени до одделенските, односно раководителите на паралелките. Записниците беа уредно пополнети со податоци за количината (тираж) на доделени учебници, наслов и автор на учебникот, издавачка куќа и навремено вратени кај библиотекарот.

- **Дополнување на библиотеката со книжевен фонд**
  Со цел збогатување на книжевниот фонд на училиштето се пристапи кон дополнување на библиотеката со нови литературни дела кои беа подарени на училиштето од страна на други институции или приватни лица. За таа намена истите беа внесени во библиотечната книга со потребните податоци за количина, инвентарен број, наслов и автор на учебникот, издавачка куќа и место на издавањето, како и број на страници на книгата и должина. Потоа библиотечниот материјал беше уреден според книжевноста на која припаѓа и тоа: *стручна литература, роднокрајна литература, современа македонска книжевност, современа јужнословенска и светска книжевност, литература на англиски јазик, белетристика, детска литература.* Во секоја од овие категории книгите беа сместувани по азбучен ред по првите букви од презимето на авторот и со тоа се овозможува полесно користење на потребната литература.

- **Подготовка на ученици за општинскиот натпревар „Млади библиотекари“**
  По повод општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ 2019 година кој секоја година се одржува во НУ – Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид, а во организација на Библиотекарското здружение на Македонија, во нашето училиште пристигна покана за учество на ученици и членови на библиотеките од основните училишта на Општина Охрид. Во соработка со наставници од предметна настава беа избрани три ученички од ОУ „Ванчо Николески“ – Лескоец (Ивана Базгалоска, Ана Китаноска, Ивана Буџак и Ивона Стеваноска?). На ученичките им беа дадени насоки и упатства за користење на новиот прирачник *„Библиотекарство: прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари“* според кој се формираат и прашањата на натпреварот. Од страна на библиотекарот, ученичките континуирано добиваа помош и поддршка за сите потешкотии со кои се соочуваа во врска со содржината на прирачникот, со цел успешно совладување на материјалот и постигнување успех на претстојниот општински натпревар.

**ОКТОМВРИ**

- **Учество на натпреварот „ Млади библиотекари“ во просториите на НУ – Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид**
  На општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ кој се одржа во просториите на НУ – Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид на ден 24.10.2019 година, учество зедоа

четирите ученички од нашето училиште заедно со нивниот ментор, библиотекарот од училиштето. На натпреварот учествуваа заедно со останатите учесници од другите основни училишта на општина Охрид. Тие постигнаа забележителни резултати и заедно со менторот се здобија со ***Благодарница за учество на општинскиот натпревар.***

**НОЕМВРИ**

- **Erasmus+ corner**

Оваа учебна година нашето училиште беше домаќин на два проекти во рамките на Erasmus+ програмата. Првиот проект се реализира во периодот од 4-ти до 8-ми Ноември со наслов „Clean nature-long life" (поттема Климатски промени). Во овој проект, покрај нашето училиште учествуваа стручни соработници и од Велика Британија, Португалија, Романија и Турција. За таа цел беше потребно да се изготви Erasmus+ corner, на кое ќе бидат претставени најважните обележја, одлики, карактеристики на земјите учеснички во проектот. Најпрво беше замислена идејата и направен беше детален план какви материјали ќе бидат употребени и за што ќе бидат наменети. Главната идеја беше Erasmus+ катчето да ја отслика основната цел на проектот, а тоа е да се дејствува локално преку низа активности со кои ќе се трудиме да ја зачуваме чиста нашата природа. На еден од хамерите, во центарот беше нацртана планетата Земја, а околу неа дрвја и зеленило кои симболизираат чиста и зелена природа. Хамерот беше поделен на четири дела и во секој дел беа нацртани по неколку основни симболи на државите. Во секој агол од хамерот, во цветови беа напишани имињата на државите и нацртани нивните знамиња. На друг зелен хамер во форма на четирилисна детелина беа нацртани знамињата и името на секоја земја која е дел од овој проект. Понатаму, со впечатливи букви во боја беше напишан насловот на проектот, како и зборот „Добредојдовте" на нивниот мајчин јазик.

Вториот проект, под наслов „Breaking barriers through sharing treasures" се реализира во периодот од 18-ти до 22-ри Ноември. Нашето училиште беше домаќин на 8 наставници и 16 ученици од: Полска, Сардинија (Италија), Грција и Турција. Еразмус тимот од нашето училиште изготви програма на поттема „ Игри без граници" која успешно и во целост ја реализира преку работилници, презентации, игри, посети на културно-историски знаменитости, размена на искуства и учење. И за вториот проект, исто како и за првиот, се изготви Erasmus+ corner, со тоа што на основниот хамер беа нацртани дланки со името на земјата насочени една кон друга, а пред секоја од нив по неколку симболи специфични за таа земја. На средината на хамерот беше напишан насловот на проектот, а друг хамер беа нацртани дланки во форма на цвет, внатре во секоја дланка знамето на земјата і до неа името. Исто така на посебен хамер беше напишан насловот на проектот со разнобојни букви, како и зборот „Добредојдовте" на нивниот мајчин јазик.

**ДЕКЕМВРИ**

- **Новогодишно декорирање на холот на училиштето**

По повод претстојните новогодишни празници се организираа активности за естетско уредување и декорирање на холот на училиштето и ходниците. За таа цел се донесе одлука да се декорира куќа(рка)та која е поставена во холот на училиштето, како и самиот хол со декорации од природно дрво и украси од стара хартија, лампиони, снегулки, елки и разни други декорации. Оваа година беше изоставена новогодишната елка односно таа беше заменета со неколку декорации од природни гранки во форма на елка и украсени со лампиони и панделки. На тој начин скромно, но сепак естетски

богато беше разубавен ентериерот на училиштето и беше создадена пријатна предновогодишна атмосфера.

**ФЕВРУАРИ**

- **Одбележување на месецот на ретки болести**

Во месецот со најмалку денови и месецот кој пациентите со ретки болести го викаат „свој“, учениците од ова училиште заедно со своите наставници и библиотекарот одржаа разни креативни активности под мотото „Ретки сте, ама не сте сами“. Во текот на реализираните активности учениците се запознаа со дел од ретките болести, со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат овие пациенти и ја дадоа својата поддршка за заедницата на ретки болести. Учениците со голема мотивираност се вклучија во активностите, преку кои и ја изразија својата креативност и хуманост.





## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И СО РОДИТЕЛИТЕ

Активностите од ова подрачје успешно се реализираа најмногу преку организираните приредби за родителите и месното население по повод разни манифестации и одбележувања. Родителските средби се организираа според донесениот план, а родителите и пошироката јавност се информираа со постигнувањата, животот и работата на училиштето, преку изложување на постигнатите резултати на учениците по класификациони периоди на видно место, преку соработката со медиумите, преку прикажување на музички и други точки по повод различни настани, а од второ полугодие од оваа учебна година и преку новата Веб страна на училиштето која е во насока на промоција на училишните активности.

Оваа година училиштето наместо својата свечена програма за патрониот празник која се подготвуваше од почетокот на второто полугодие на тема: „Под исто небо сме”, изготви кратко видео што беше објавено на веб страната од училиштето и ги прикажуваше активностите во текот на изминатата година. Линкот што следи води до видеото изработено по повод Денот на училиштето.

(https://ouvanconikoleski.com/2020/05/09/%d0%bf%d0%b0%d1%82%d1%80%d0%be%d0%bd%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bd%d0%b8%d0%ba-%d0%be%d1%83-%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d1%87%d0%be-%d0%bd%d0%b8%d0%ba%d0%be%d0%bb%d0%b5%d0%ba%d0%b8/)

Училиштето остварува успешна соработка и со институции од општината и републиката (Биро за развој на образование, Министерство за образование, кино, музеи, театри и сл.). Беа организирани неколку посети во Охрид, институции, културни објекти и сл.

На **20.12.2019 година** вкупно 73 ученици од шесто до деветто одделение од нашето училиште го проследија долгометражниот македонски игран филм „Дедо и внук“ во НУЦК „Григор Прличев“ во Охрид.

На **23.12.2019 година** во Домот на култура во Лескоец, учениците од прво до петто одделение (и од подрачните училишта) ја проследија професионалната новогодишна театарска претстава „Ловечка сказна“, во изведба на театар од Скопје.







Во соработка со ЈУДГ „Јасна Ристеска“ од Охрид, на **13.02.2020 година** во нашето училиште се реализира претстава „Четири принцези“, која ја проследија учениците од одделенска настава од Лескоец и ПУ Косел. Собраните средства беа наменети во хуманитарни цели, за лекување на девојче од Охрид.




Во рамките на проектот од МОН и БРО **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“** во нашето училиште се реализираа 3 активности Родителот е наставник, односно организирање предавања од страна на родителите стручни во одредена област.

Од страна на учениците од одделенска настава од ПУ Косел на ден 15.11. 2019 год. учениците од прво до петто ПУ Косел ја посетија кујната во хотел „Нова Ривиера“- во Охрид, под раководство на наставничките Билјана Танеска и Даниела Чифлигароска. Имаа средба со вработените во хотелот и со г-ѓата Билјана Трајкоска која е шефица во кујната, а родител на ученичка во трето одд. во училиштето.

Посетата беше со цел ***Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна*** и родителот во улога на наставник ги запозна учениците со својата работа, со секојдневните работни обврски, со просторијата во која работи и предизвиците со кои се соочува во работата.







Учениците имаа можност да се запознаат која храна е потребно да се конзумира и да се користи во исхраната. Секој ученик имаше можност да вкуси и да учествува во подготовката на разни овошни салати користејќи разни видови на овошја, сокови и сл. а потоа учествуваа и во прекрасната дегустација подготвена од вработените во кујната.





На **03.02.2020 година** учениците од IXа,б одделение од Лескоец беа во посета на фабриката „АСП – ПАК“. Посетата беше кај родителот Јулијана Љушкоска, во рамките на родителот е наставник. Во текот на посетата учениците се запознаа со процесот на проеизводство на мрежи и мрежни вреќи. Го видоа целиот процес од гранулат до различни видови мрежи и вреќи. Го посетија и делот за сечење мрежи. Поставуваа прашања и се интересираа за целиот процес.





На **03.02.2020 година** учениците од IVб и IVа заедно со нивните одделенски раководители Марјана Крстаноска и Марија Крцоска, ја посетија пиланата „Маркисто” во с. Лескоец. Посетата беше кај родител, во рамките на проектот ЗГПНУ родителот е наставник.



За време на посетата учениците се запознаа со процесот на производство на полупроизводи и готови производи од дрво. Од страна на родителот во пиланата детално им беше објаснат процесот на обработка и производство, а исто така учениците имаа можност да ги разгледаат машините и целиот објект.

Најпрво, им се покажаа суровините (трупците), потоа нивната обработка во талпи, како полупроизвод, па се до изработка на паркет. Импресионирачки беше што ништо не се фрлаше туку се' наменски се користеше за изработка на пелети и бриќети.

Учениците беа заинтересирани за темата, поставуваа прашања и добиваа одговори.





Родителите, како од централното училиште во Лескоец, така и од подрачните училишта, зедоа големо учество во подготовка и организирање на Новогодишен базар. Во сите три училишта се реализираа Новогодишни свечени програми, а потоа беа пропратени со продажба на заедничките новогодишни изработки. Дел од собраните средства од Новогодишниот базар во Лескоец беа наменети во хуманитарни цели (за лекување девојче од Охрид).















Родителите беа присутни и на свечената приредба по повод Денот на жената (8-ми Март), која се реализира во ПУ во Косел.




Соработката со Советот на родители е на задоволително ниво, се реализираат редовните состаноци и се превземаат заеднички активности во интерес на учениците и училиштето како целина. Советот на родители зема активно учество во манифестациите кои ги организираме, а беа активни и во периодот на далечинско учење, кога се реализира онлајн состанок на конференцискиот сервис  ZOOM.

## ГРИЖА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Активности кои се реализираа во текот на учебната година, а кои припаѓаат на ова воннаставно подрачје се: одржување хигиена во училишните простории и во просторот околу училишната зграда, лична хигиена на учениците, хигиена на исхраната и водата, лекарски прегледи и вакцини, и предавања од здравствен карактер подготвени од стручната служба, општинскиот Црвен крст, Центар за јавно здравје, Медицински центар Охрид и невладини организации.

Беа реализирани следниве предавања и работилници:

- На **20.09.2019 година** од страна на СВР Охрид – Предавање за Врсничко насилство - Булинг од полиција со сите ученици од VI до IX одд.




Месецот за борба против болестите на зависност се одбележа во соработка со ООЦК – Охрид и медицински лица од Центар за јавно здравје. На **06.11.2019 година** медицински лица Центар за јавно здравје ги запознаа учениците од IX одд. со болестите на зависност, нивна превенција и заштита., со цел да се подигне јавната свест и едуцираноста на учениците на штетноста од овие болести.

Здружение на дијабетичари од Медицински центар на **06.11.2019 година** реализираа предавање за заштита од дијабетис со учениците од VIII одделение.

По повод денот за борба против СИДА на учениците од VIII и IX одд. на одделенскиот час им беше прочитано типизирано предавање за ХИВ/СИДА. Истиот месец на одделенските часови се дискутираше за важноста од престојување на чист воздух, спортување од кое произлегува „Во здраво тело здрав дух“.

Со девојчињата од VI одд. беше реализирана работилница за хигиена и однесување при месечниот циклус.

Во октомври започна заедничката грижа на училиштето и Здравствениот дом, поконкретно контрола на забите и систематските прегледи. Се реализираа планираните систематски лекарски прегледи за учениците, вакцинирањето и систематските прегледи на забите на учениците од одделенска настава.

Во соработка со СВР Охрид во училиштето се одржа предавање за опасностите од користење на пиротехнички материјали и постапка за прва помош при повреда со истите. Овие предавања се во контекст на препораките за однесувањето за време на новогодишните празници и зимскиот распуст.

Земајќи ги во предвид опасностите од вирусот Ковид 19 и ширењето на болеста Корона, на крајот од февруари 2020 година на сите ученици им беше презентирано едукативно видео за превенција од истото. На одделенските часови се дискутираше за важноста од лична хигиена,

хигиена на опремата што ја користат, како и правилно миење на рацете посебно после користење на тоалет.

Во соработка со Центарот за јавно здравје, а со поддршка од Локалната самоуправа Охрид, во училиштето постојано се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

## СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на нашето училиште се реализира соработка со повеќе невладини организации.

Постојано се реализира соработка со **Црвен Крст ООЦК – Охрид**, бидејќи во нашето училиште има основна организација на Црвен Крст, а исто така функционира и Подмладокот на Црвен Крст, што си има посебна месечна програма за реализација. Секој месец се реализираат активности и се одбележуваат важни датуми за едукација и превенција на учениците.

- Во септември ООЦК Охрид донира училишен прибор за 10 првачиња во Лескоец и во подрачните училишта.
- Реализирано типизирано предавање за ТБЦ и градни болести, кое се прочита на учениците и се дистрибуира печатен материјал.
- На 25.09.2020 година учениците од IX одделение од нашето училиште се вклучија во ПХВ маршот за мир, соживот и толеранција. Со изготвен транспарент и со останати ученици и волонтери од ООЦК Охрид, маршираа по кејот и испратија пораки за негување позитивни вредности. Учениците дефилираа под мотото „Дефилирај, не се фолирај“, а во рамки на одбележување на ПХВ (Промоција на хумани вредности) неделата.






- Учество во собирна акција по повод Денот на гладта во октомври
- Вклучување на учениците во акцијата За посреќно детство, преку набавка на талончиња и учество во натпреварите и наградната игра.
- Месецот за борба против болестите на зависност се одбележа во соработка со ООЦК – Охрид и медицински лица од Центар за јавно здравје. На ден 6.11.2019 медицински лица Центар за јавно здравје ги запознаа учениците од IX одд. со болестите на зависност, нивна превенција и заштита.
- На одржаниот конкурс од страна на ООЦК – Охрид на тема „Сите сме еднакви“ зедоа учество учениците од нашето училиште со литературни и ликовни творби на кои добија повеќе награди. Наградени ученици се: I награда за литературна творба Јована

Николоска IVа одделение, I награда ликовна творба Елеонора Смическа IVа одд., II награда литературна творба Анастасија Котоска IVа и Христијана Парулеска Vа одделение, III награда литературна творба Ивана Шикалоска и Марија Трајкоска II награда литературна творба – Косел. На ден 28. На **22.11.2019** наградени ученици на објавениот конкурс од ООЦК Охрид на тема „Еднакви сме сите“, по повод одбележување на неделата за грижа на стари лица, ги примија наградите во просториите на Црвен Крст Охрид.




Црвен крст на Република Македонија
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ОХРИД
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
НА
ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“
с. Лескоец
ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЛИКОВЕН/ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС НА ТЕМА 'ЕДНАКВИ СМЕ СИТЕ' ОБЈАВЕН ОД ЦРВЕН КРСТ ОХРИД -ПРОГРАМА НА ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА-
Охрид 22 Ноември 2019 г.
Претседател



- На **28.11.2109 година** членовите на ПЦК (Подмладок на Црвен Крст) од нашето училиште, заедно со нивната одговорна наставничка беа во посета на старите лица сместени во одделението Геријатрија, при Општа болница Охрид. Учениците ги посетија сите стари лица сместени таму, поразговараа со нив, им изрецитираа неколку песни, им прочитаа состави и им подарија овошје и цртеж кој беше првонаграден на конкурсот „Еднакви сме сите“. Старите лица сметени таму беа среќни поради вниманието што учениците им го подарија денес. Оваа посета беше организирана по повод неделата за грижа на стари лица во соработка со ОО Црвен Крст Охрид, а планирано со програмата од ПЦК за учебна 2019/20 година.





- Во декември на час на одделенската заедница во VIII и IX одделение се прочита типизирано предавање за ХИВ Сида.

➢ Во соработка со ООЦК Охрид беше изготвен и нов План за евакуација и истакнат на јавно место, а планирана е и показна вежба за евакуација штом повторно се вратиме во училиштето и се создадат услови за тоа.

➢ Во соработка со младите волонтери од Црвен Крст Охрид, на **01.02.2020 година** ходникот во училиштето во Лескоец беше оплеменет со цртежи - друштвени игри. Учениците беа пријатно изненадени и среќни поради шемите за игри, а истите беа направени со цел учениците да ги користат „шемите“ за игри за време на одморите и да не трчаат бесцелно по ходниците.














Соработката со Здружението на граѓани **„Проект за македонските училишта“ („Macedonian school project“)**, кое секоја година го поддржуваат нашето училиште со донации продолжи и оваа година. Во текот на 2019/20 година добивме: 8 камаери, 2Д принтер во боја, а во Март месец ни одобрија апликација на проект со кој добивме 2000$ за набавка на телевизори во училниците во Лескоец. Преку реализација на овој проект значително ќе се подобрат условите за мултимедијалност во наставата, што всушност е императив во современата настава. Поради новонастанатата ситуација со Ковид 19, останува дополнително да ги реализираме активностите од овој проект.

Во текот на месец Февруари 2020 година се потпиша меморандум за соработка со Здружението на граѓани **„Зелен Центар“** од Охрид, а во Април 2020 се вклучивме во заедничка соработка во рамки на проект за заштита на флората и фауната во реките Дрим, Сатеска и

Коселка река. Носител на активностите од овој проект во нашето училиште што на почетокот беа онлајн презентации,  е еколошката секција, а вклучени се учениците од VIII одделение. Најпрво преку онлајн активности, а потоа и преку активности на терен нашите ученици ќе се грижат за зачувување на природата и животната средина.

ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид, во месец Јули 2020 година потпиша договор за соработка со здружението **„Раст и развој“** од Скопје во рамки на проектот „Challenge yourself and be active“, преку вклучување ученици од 10 – 14 годишна возраст во наменски креирана едукативна програма за поттикнување на физичка активност. Нашето училиште е само едно од вкупно десет училишта од нашава држава кое од септември ќе реализира проектни активности со учениците од областа на предметот ФЗО, преку поставување и остварување онлајн предизвици.

## ДЕТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА

Во нашето училиште успешно функционираат две ученички организации: Детската организација и подмладокот на Црвен крст, кои раководени од одговорните наставници успешно ги реализираа програмските задачи.

**СЕПТЕМВРИ:** Во организација на Детска организација се реализира приемот на првачињата на првиот училишен ден, 2-ри Септември 2019 година. Учениците од  V одделение приредија приредба пред учениците и родителите. Почесен гостин на првиот училишен ден во училиштето во Лескоец беше градоначалникот на Охрид, Константин Георгиески, кој истакна задоволство од успехот што го постигнува нашето училиште во Охрид, посебно вклученоста во проекти.





Приредба за прием на првачиња беше реализирана и во ПУ во Косел, а беше проследена од родители и локалното население.





**<u>ОКТОМВРИ:</u>** По повод **Детската недела** која секоја година се одбележива во првата полна недела од октомври, Детската организација и во Лескоец и во подрачните училшта организираа низа активности.



На 7-ми Октомври кога е и **Светскиот ден на детето,** на учениците од нашето училиште им се прочита Конвенција за правата на детето, а на видно место се истакна мотото низ кое ќе биде водена овогодишната манифестација Детска недела. На 8-ми Октомври првачињата од нашето училиште како и првачињата од подрачното училиште во Косел ја посетија поштата, се запознаа со работата и начинот на функционирање на истата.

На 10-ти Октомври во училишнот хол се одржа културно уметничка програма во која учествуваа сите ученици од прво до петто одделение, во рамки на која се обрати и директорот на училиштето со говор за правата на децата. Првачињата гласно и јасно го кажаа детското ветување. Програмата ја следеше многубројна публика.





Истото се случуваше и во ПУ Косел, и ПУ Куратица каде првачињата го кажаа детското ветување проследено со богата културно уметничка програма.









**НОЕМВРИ:** Се одбележа **7-ми Ноември, Денот на ослободување на Охрид.** Се прочита кратко предавање и беа прочитани неколку лични творби за празникот на градот. Се разговараше за значењето на книгата по повод месецот на книгата. Се истакнаа впечатоците од посетата на училишната библиотека. Членовите на Детска организација ја посетија училишната библиотека во ОУ „Ванчо Николески".



Во месец **МАРТ** во организација на Драмската организација педагошко – психолошката служба со учениците од V одд. реализира работилница за „Ненасилно разрешување конфликти". На следниот состанок членовите кои присуствуваа на оваа работилница истакнаа некои важни пораки за ненасилно разрешување на конфликти.





Активностите предвидени за месец март, април, мај и јуни не се реализираа заради прогласената пандемија од Ковид 19.

Подмладокот на Црвениот крст организира мноштво акции од хуманитарен карактер во собирање парични средства и облека за оние на кои им беа потребни, се направија неколку собирна акција (за Јана А., за Ева), а преку состаноците со одборот на ПЦК се настојуваше да се изгради чувство на хуманост и пружање помош на други луѓе на кои таа им е неопходна. *Повеќе во делот за соработка на училиштето со НВО од овој извештај.*

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

### ETWINNIG проекти

Наставничката по англиски јазик Елисабета Настоска и оваа учебна година 2019/2020 продолжи со активностите на ETWINNING платформата. Платформа која обезбедува соработка со наставници од други училишта и држави онлајн и преку ИКТ алатки. ДОКАЗ – се слики, изработки за секој проект.

Наставничката оваа година е вклучена во 3 проекти (два - продолжува соработка од минатата година и еден нов проект) и заедно со учениците од VIIб одделение тековно и редовно учествуваат во дадените задачи.

1. **Breaking barriers**

- ПАРТНЕРИ: училишта од Полска, Грција, Турција, Италија и Португалија

- ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ: да научиме повеќе за локалното богатсво и наследство и да споделуваме информации, оваа соработка премина во ЕРАЗМУС проект (првите резултати беа видливи во Ноември 2019)

** поради Ковид-19 ситуацијата – соработката продолжи онлајн,

- Наставниците имаа онлајн средbа на Твининг на **21.02.2020,** се дискутираше zа сработеното и идните активности.
- учениците од сите држави имаа средба на платформата ZOOM на 11.06.2020 и поставуваа дел од извршените задачи и активности на Твининг платформата.







2. **<u>Clean Nature, Long Life</u>**

Во овој проект учествуваме 5 држави: Велика Британија, Северна Македонија, Романија, Турција и Португалија. Проектот ќе трае 2 години и се фокусира на еколошки теми кои влијаат на светот денес, како: климатски промени, загадување, рециклирање, пошумување, загрозени видови и сл.

* Учениците го одбележаа Денот на Планетата, 22-ри Април со цртежи и кратки пораки.







3. **<u>I CARE</u>**

Во овој проект учествуваме 6 држави: Шпанија, Северна Македонија, Финска, Естонија, Чешка Република и Полска.

Целта на проектот е да се зголеми и разбуди свеста кај учениците, пред сè, за промените кои ги очекува светот во однос на климатските промени.

- Учениците се претставија на платформата Етвининг, преку алатката Падлет.
- Го претставивме и нашето училиште со алатката Падлет и го лоциравме на мапата, како и одговорните наставници.

- Учениците поставија цртежи на дадената тема.




## ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ

На 10.03.2020 година со уредба од Владата на Република Северна Македонија училиштата беа затворени и се пристапи кон далечинско учење и онлајн настава. Иако на почетокот сето тоа беше одненадеш за нас, за нашите ученици, родители и наставници, за многу брзо време се соочивме со предизвикот што беше исправен пред нас и започнавме реализација на далечинско учење, почитувајќи го распоредот на часови и главните наставни цели по предметите.



Во текот на далечинското учење и онлајн наставата, наставниците реализираа далечинско учење најчесто давајќи задолженија преку ФБ групи, месинџер, е-маил и вибер. Голем дел од наставниците користеа и линкови од youtube и платформата Eduino, Edomodo и Google drive. Имаше и дел наставници кои реализираа и онлајн настава преку конференцискиот сервис ZOOM, а мал број наставници поради немањето други услови кај учениците користеа разговор преку мобилен телефон. Во текот на далечинската настава наставниците водеа евиденција од изработките и резултатите на учениците (фотографии, презентации, одговори од нивни прашања), притоа давајќи повратна информација, усна во онлајн наставата или писмена во месинџер,

вибер и ФБ групите, а за сето тоа си водеа интерна евиденција, секој организиран на свој начин. Врз основа на истите, ги оценија постигнувањата на учениците на крајот од третиот класификационен период и на крајот на наставната година.






По повод 1-ви Април учениците беа поттикнати да изготвуваат маски со помош на нивните родители и да споделуваат слики во училишната група, така голем број ученици споделија фотографии од прекрасни креативни маски.

Оваа година поради вонредната ситуација и пандемијата од Ковид 19, традиционалниот избор за најкративно украсено Велигденско јајце се направи онлајн.



На 10-ти Мај кога е и Патрониот празник на нашето училиште, делегација од ученици и директорката положија свежо цвеќе на гробот на нашиот Патрон, Ванчо Николески. Во знак на одбележување на Патрониот празник училиштето наместо својата свечена програма која се подготвуваше од почетокот на второто полугодие на тема: „Под исто небо сме”, изготви кратко видео што беше објавено на Веб страната од училиштето и ги прикажуваше активностите во текот на изминатата година. Во видеото освен активностите и успесите од тековнава учебна година за време на редовната настава, беше прикажана и наставата што се одвиваше во вонредната состојба.




Линкот што следи води до видеото изработено по повод Денот на училиштето. (https://ouvanconikoleski.com/2020/05/09/%d0%bf%d0%b0%d1%82%d1%80%d0%be%d0%bd%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bd%d0%b8%d0%ba-%d0%be%d1%83-%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d1%87%d0%be-%d0%bd%d0%b8%d0%ba%d0%be%d0%bb%d0%b5%d0%ba%d0%b8/)

Во периодот на далечинска настава менаџментот од училиштето редовно комуницираше со наставниците, а по потреба и со учениците и родителите и ја даваше потребната поддршка. Сите насоки и упатства од МОН беа споделувани со наставниците, а редовно се одржуваа и состаноци преку конференцискиот сервис ZOOM. Така, во споменатиот период беа одржани 6 седници на одделенскисовети и 2 седници на наставнички совет. Исто така на ZOOM беа реализирани и редовни состаноци на Училишниот одбор и на Советот на родители.













## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Наставниот план и програма (задолжителните предмети) во сите паралелки и по сите предмети се целосно реализирани, се реализираа 180 наставни дена (119 дена редовна настава, а 61 ден далечинско учење).

2. Образовните резултати значително подобри во однос на минатогодишните, 4,38 (за 40 стотинки). Минатата годинна средниот успех бил 3,98.

3. Редовноста, дисциплината и поведението оваа учебна година беа во рамките на очекувањата, посебно што последните 3 месеци имавме далечинско учење. Навремено се решаваа проблемите од недисциплина (додека бевме во училиште), беа повлечени педагошките мерки изречени додека имавме редовна настава, така што на крај сите ученици се оценети со примерно поведение.

4. Учениците учествуваа на општински и регионални натпревари во знаење додека имаше услови за тоа, а се стекнаа и со пласман за државен натпревар, со што успешно се промовираше училиштето. Дел од учениците зедоа онлајн учество на регионалниот натпревар по математика во јули 2020.

5. Успешно го реализиравме добиениот проект од УСАИД (Компонента реновирање), во соработка со Локалната Самоуправа Охрид, преку кој значително се подобрија условите за престој и настава во училиштето во Лескоец.

6. Нашето училиште беше домаќин на две Еразмус+ средби, од добиените проекти во 2019 година, кои средби беа оценети како исклучително успешни.

7. Изготвена е Веб страна на училиштето, преку која се прави промоција на училишните активности, а исто така во текот на годината се промовиравме и преку електронски медиуми.

8. Сите бевме затекнати од вонредната ситуација, следејќи ги препораките од МОН и во рамки на индивидуалните можности на секој наставник, а со поддршка од училиштето, се реализираше далечинска настава и на крај сите ученици беа оценети и го завршија одделението.

9. Изготвивме Самоевалуација 2020, направени беа електронски анкети со ученици, со родители и со наставници, и сето тоа ќе биде земено во предвид при поставување стратешки цели и планирање идни активности.

## ЗАДАЧИ:

1. Јакнење на капацитетите на училиштето за организирање настава во вонредни услови.

2. Јакнење на капацитетите кај сите наставници за реализација на далечинско учење и онлајн настава.

3. Преземање иницијативи за дисеминација на знаења и искуства од страна на некои наставници за користење на дигитални платформи за реализација на онлајн настава, како и за формативно оценување, на наставници кои чувствуваат потреба.

4. Реализирање онлајн часови со учениците, со објаснувања од страна на наставниците, а не само давање материјали за самостојно совладување.

5. Продолжување со реализација на проектите и вон – наставните активности кога за тоа ќе се создадат услови.

Извештајот го изготви
стручната служба

ООУ „Ванчо Николески“